Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто и деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 31 октомври 2023 година

Скопје, октомври 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 31 октомври 2023 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и нотар Анета Петровска Алексова.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни

работи и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**-Усвојување на Записникот од 190-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 193-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 октомври 2023 година**

## Пред преминување на Дневен ред:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 8-Политика на конкуренција од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија и преземени обврски, со прилози

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр. 81/20)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.55/23)

3. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи

4. Информација за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на платата на вработените во Јавната

установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

5. Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки

6. Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година, со Предлог-одлука

7. Информација по Годишниот план за вработување за 2023 година

8. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година

9. Информација за зголемување на бодот за пресметување на платите на вработените на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

10. Информација во врска со состојбата на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со барање согласност за вработување на определено време и Предлог-одлука

11. Информација за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и предлог-изјави

12. Информација со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен завод за индустриска сопственост)

13. Барање за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука

14. Информација за Нацрт-извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари-јуни 2023 година, со прилог Нацрт-извештај

15. Информација за доставено Барање бр.11-8744/1 од 4.10.2023 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за

државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со Нацрт-договор

16. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Катланово“, Општина Петровец, со предлог-одлуки

17. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Фламинго, Гевгелија, со Предлог-решение

18. Информација во врска со Барањето на концесионерот АК хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

19. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с.Ветуница-Стојкова маала, КО Ветуница, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

21. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми-п.о.-Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука

22. Информација за отстапување на релевантни државни институции кои пројавиле потреба за униформа и опрема-донација од Армијата на карабинерите од Република Италија

23. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во период од 25.1.2023 година до 18.7.2023 година

24. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за услуги, електроника и инженеринг ТН-ТВ Веселин ДООЕЛ Скопје како корисник на финансиска поддршка, со текст на Спогодба и Предлог-одлука

25. Информација за Изработка на проектна документација и изградба на фотонапонска централа

26. Информација за учество на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025“, со текст на Договор за учество на Експо 2025 Осака, Кансаи, Јапонија

27. Барање средства за прослава на 5 Ноември-Меѓународен ден на ромскиот јазик, со Предлог-одлука

28. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила за старо железо)

29. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Винербергер ДООЕЛ Виница на локалитетот „Горица-2“, с.Соколарци, Општина Чешиново-Облешево

30. Информација за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, со текст на Стандардни оперативни процедури

31. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“ (16 октомври 2022 година-31 мај 2023 година)

32. Информација за потпишување на спогодба за финансирање за ИНТЕРЕГ Програмата „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Бугарија“, со прилози и усогласен текст на Спогодба

33. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1601 на Советот од 3 август 2023 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/1594 на Советот од 3 август 2023 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) 765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина

34. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1592 на Советот од 3 август 2023 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1591 на Советот од 3 август 2023 година за спроведување на член 8а(1) од Регулативата (ЕК) 765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина.

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на воени пензионери, Скопје

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија

37. Иницијатива од Кренар Лога од Струга, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.145/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за формата и содржината на прекршочниот налог („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 285/22)

38. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.124/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 ставови (1) и (4) и член 73 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21)

39. Иницијатива од Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.140/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23)

40. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П. Толјати“

41. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7759, за КО Ресен, на КП бр.3158, викано место/улица „ул.Јосиф Јосифовски“

42. Понуда од нотар Никола Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.806 за КО Коњско, на КП бр.3135

43. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 13183 за КО Драчево 2, на КП бр.11280, викано место/улица „Марков Рид“

44. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102535, за КО Центар 1, на КП бр.3960, викано место/улица „П.Пчински“

45. Кадровски прашања

46. Прашања и предлози

47. Информација за Полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2023 година за периодот јануари-јуни 2023 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по етничка определба, со Прилог табеларен преглед

48. Годишен извештај за работата на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во 2022 година

49. Информација за прераспределба на средства до пропишаниот лимит до 40% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет, со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт, заклучно со вториот квартал во 2023 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

50. Извештај за извршувањето на потставките 412110-Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари до 30 јуни 2023 година

51. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април-јуни 2023 година

52. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 12 октомври 2023 година до 18 октомври 2023 година

53. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и

имотот на населението, за период од 19 октомври 2023 година до 25 октомври 2023 година

54. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 5 октомври 2023 година до 11 октомври 2023 година

55. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на дел од територијата на Општина Ранковце, с.Герман, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 3 октомври 2023 година до 9 октомври 2023 година

56. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 октомври 2023 година до 19 октомври 2023 година

57. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка

58. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, со цел користење на инструментот Макрофинансиска поддршка во вкупна вредност до 100 милиони евра, со усогласен текст на Меморандум

59. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка

60. Информација за потребата од исполнување на условите за обезбедување на заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова-КфВ наменет за буџетска поддршка, со предложените мерки во Матрицата за резултати, која е прилог 1 од Сепаратниот договор, како и Позитивните обврски поврзани со програмата кои се наведени како прилог 2 од Сепаратниот договор

61. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

62. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Театар Комедија“-Скопје

63. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура.

64. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан, со усогласен текст на Меморандум

65. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

66. Информација за буџет на Министерството за информатичко општество и администрација за 2024 година

67. Информација за состојбите со јавните набавки во Министерството за информатичко општество и администрација

68. Информација за состојбата на вработените кои користат боледување во Министерството за информатичко општество и администрација

69. Информација за покренување на постапка за трансформација на заем во влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

70. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка

71. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2023 година

72. Информација за донесување на одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на право на користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гостивар, со Предлог-одлука

73. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје и Универзитетска клиника за урологија-Скопје

74. Информација за потребата за преземање на надлежноста за водење на тековната арбитражна постапка на Министерството за финансии и евентуални идни ДАБ и арбитражни постапки за ИПА договорите кои се работат согласно ФИДИК правилата, каде ЦФСД при Министерството за финансии се јавува како Договорен орган

*
*     *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 190-та и 193-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 10 октомври и 17 октомври 2023 година.

*
*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 8-Политика на конкуренција од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 8-Политика на конкуренција од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози, ја усвои и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при ЕУ во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 2 ноември 2023 година.

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија и преземени обврски, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија и преземени обврски, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 1.12.2023 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата 4, 5, 6 и 7 (текстовите на закон и подзаконски акти), до Европската комисија, на англиски јазик, веднаш по нивното преведување од македонски на англиски јазик.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр. 81/20).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.55/23).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на платата на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, ја усвои и го овласти вршителот на должност директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје да го потпише Анексот на колективниот договор со кој ќе се зголемат коефициентите за

плата на здравствените работници, здравствените соработници, помошно-техничкиот персонал и административните службеници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, почнувајќи со исплатата на плата за март 2023 година.

## Точка 5

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави извештај за преземените мерки и активности, во врска со постапувањето по препораките и наодите во ревизорскиот извештај.

## Точка 6

Владата по Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година.

## Точка 7

Владата ја одложи од разгледување Информацијата по Годишниот план за вработување за 2023 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави Предлог-одлука за одобрување за вработувања на ЈП Национална радиодифузија-Скопје, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на бодот за пресметување на платите на вработените на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со барање согласност за вработување на определено време и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување за вработување на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и предлог-изјави, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје.

Истовремено, на наредната седница на Владата да се разгледаат:
-Предлог-одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје,
-Предлог-изјавата за преземање на нов влог,
-Предлог-одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје и
-Предлог-изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен завод за индустриска сопственост).

**Точка 13**

Владата по Барањето за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт-извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари-јуни 2023 година, со прилог Нацрт-извештај ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за финансии-Царинска управа и Министерството за финансии-Биро за јавни набавки, а им се укажува на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ја интензивираат реализацијата на активностите од Акцискиот план за 2023 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-8744/1 од 4.10.2023 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со Нацрт-договор, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21.7.2023 година по Договорот за обезбедување на државна гаранција бр.14-10754/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат-делница Кичево-Охрид“, склучен помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на

враќање од десет години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од пет години, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.10.2028 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Катланово“, Општина Петровец, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Фламинго, Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот АК хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26 март 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 10 мај 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, најмалку до 9 јули 2024 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр.11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 14.4.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 13.6.2024 година.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с.Ветуница-Стојкова маала, КО Ветуница, Општина Ранковце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с.Ветуница-Стојкова маала, КО Ветуница, Општина Ранковце.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми-п.о.-Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми-п.о.-Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за отстапување на релевантни државни институции кои пројавиле потреба за униформа и опрема-донација од Армијата на карабинерите од Република Италија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да подготви и да достави до Владата, предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка, Јавната установа Национален парк Шар Планина, Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, Општина Ранковце, Црвен крст на Република Северна Македонија-Крива Паланка, Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, Министерството за одбрана, Општина Крушево, Македонската

риболовна федерација Скопје и Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми-П.О Скопје.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во период од 25.1.2023 година до 18.7.2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Одлучи да им обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

1.1. На Општина Кочани за природна непогода пожар во 2021 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.723.930,00 денари.

1.2. На Општина Куманово за природна непогода од пожар во 2021 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 3.724.517,00 денари.

1.3. На Општина Росоман за природна непогода мраз и слана во 2022 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 215.616.741,00 денари.

1.4. На Општина Неготино за природна непогода суша во 2021 година со број на предмет 24-16 (24-3) во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 12.559.989,00 денари.

1.5. На Општина Неготино за природна непогода град во 2022 година со број на предмет 24-29 (24-83) во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 45.023.587,00 денари.

1.6. На Општина Крушево за природна непогода град во 2022 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 864.518,00 денари.

1.7. На Општина Босилово за природна непогода град во 2022 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 17.354.000,00 денари.

1.8. На Општина Пехчево за природна непогода пожар во 2021 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 91.201.908,00 денари.

1.9. На Општина Ново Село за природна непогода град и обилни врнежи на 29.5.2022 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 32.872.000,00 и

1.10. На Општина Могила за природна непогода земјотрес на 9.1.2022 година во висина од 5% од вкупно проценетата штета 1.943.820,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за парична помош во висина од 5% од износот на проценетата штета, согласно заклучокот од точка 1.1 до 1.10 од оваа информација.

3. Се укажува на општините согласно заклучокот од точка 1.1 до 1.10 од оваа информација: Кочани, Куманово, Росоман, Неготино, Крушево, Босилово, Пехчево, Ново Село и Могила, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

4. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да продолжи со процедурата за проценка и утврдување на штетите по предметите од општините од точките 2.1-2.19 од Информацијата (Валандово, Велес, Старо Нагоричане, Градско, Гевгелија, Демир Капија, Чешиново-Облешево, Тетово, Струмица, Долнени, Чаир, Пехчево, Демир Хисар, Пробиштип, Кичево, Ресен, Македонски Брод, Лозово и Кавадарци) по пристигната коригирана документација и за истото да ја информира Владата по комплетирање и коригирање на документацијата.

5. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да ги информира општините од точките 3.1-3.14 од Информацијата (Градско, Битола, Босилово, Ресен, Долнени, Дебрца, Прилеп, Гевгелија, Велес, Свети Николе и Боговиње) кои во законскиот утврден рок не доставиле комплетна документација, за неможноста за постапување по предметите, поради некомплетни документации и истечени законски рокови, согласно законските прописи.

6. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да ја извести Општина Карпош од точка 4 од Информацијата дека нема законска надлежност да постапува по предметот.

7. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да ја информира Општина Берово, за неможноста за постапување по предметот, поради истечен законски рок за доставување на извештајот за утврдена штета до Владата, согласно Законот за заштита и спасување.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за услуги, електроника и

инженеринг ТН-ТВ Веселин ДООЕЛ Скопје како корисник на финансиска поддршка, со текст на Спогодба и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Трговското друштво за услуги, електроника и инжинеринг ТН-ТВ Веселин ДООЕЛ Скопје како корисник на финансиска поддршка, бр.09-6969/1 склучен на 29.7.2022 година.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Трговското друштво за услуги, електроника и инжинеринг ТН-ТВ Веселин ДООЕЛ Скопје, како корисник на финансиска поддршка, бр. 09-6969/1 од 29.7.2022 година.

**Точка 25**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за Изработка на проектна документација и изградба на фотонапонска централа за наредната седница на Владата, поради потребата Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за енергетика да достават мислење по истата.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025“, со текст на Договор за учество на Експо 2025 Осака, Кансаи, Јапонија, ја усвои Информацијата и го овласти генералниот комесар на Република Северна Македонија за „Осака Експо 2025“, да го потпише Договорот за учество на Експо 2025 Осака, Кансаи, Јапонија.

**Точка 27**

Владата по Барањето средства за прослава на 5 Ноември-Меѓународен ден на ромскиот јазик, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила за старо железо).

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Винербергер ДООЕЛ Виница на локалитетот „Горица-2“, с.Соколарци, Општина Чешиново-Облешево.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, со текст на Стандардни оперативни процедури, ја усвои Информацијата и ги прифати Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“ (16 октомври 2022 година-31 мај 2023 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите до декември 2023 година да подготви и до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“.

2. Се задолжува Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите, до декември 2023 година, да формира посебна сервисна единица во склоп на установата КПД Идризово, целосно, технички и персонално екипирана за постојано, тековно и дневно одржување на објектите, инсталациите и опремата кои се вградени во новоизградените објекти, со сопствен буџет и програма за системско и трајно одржување на објектите.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на спогодба за финансирање за ИНТЕРЕГ Програмата „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Бугарија“, со прилози и усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање за ИНТЕРЕГ Програмата „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Бугарија“.

2. Се определува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише

спогодбата за финансирање за ИНТЕРЕГ Програмата „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Бугарија“.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за ИНТЕРЕГ Програмата „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Бугарија“, за периодот 2021-2027 година, во рамки на максимално утврдените лимити на расходи со буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1601 на Советот од 3 август 2023 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/1594 на Советот од 3 август 2023 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) 765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1592 на Советот од 3 август 2023 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1591 на Советот од 3 август 2023 година за спроведување на член 8а(1) од Регулативата (ЕК) 765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина.

## Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на воени пензионери, Скопје.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Иницијативата од Кренар Лога од Струга, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.145/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за формата и содржината на прекршочниот налог („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 285/22) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот не ја оспорува содржината на Правилникот, туку датумот на кој истиот е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Во однос на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", Владата на Република Северна Македонија, ве известува дека надлежна институција за доставување на акти за објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" е Секретаријатот за законодавство.

Министерството за финансии (Секторот за финансиски систем) го има доставено Правилникот бр.13-10646/1 од 13.12.2022 година во Секретаријатот за законодавство, преку архивата во Министерството, со излезен архивски бр.13-10646/2 од 20.12.2022 година.

Меѓутоа потпишаниот Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог, со цел негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија", во архивата на Секретаријатот за законодавство е примен на 23.12.2022 година (петок) и во најкраток можен рок, односно во рок од два работни дена, за истиот има дадено налог за објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" на 27.12.2022 година (вторник), кој е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" наредниот работен ден, односно на 28.12.2022 година.

Согласно наведеното и добиеното Мислење од Секретаријатот за законодавство, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, предметната Иницијатива да ја отфрли или одбие како неоснована.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.124/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 ставови (1) и (4) и член 73 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива се поведува постапка за оценување на уставноста на член 2 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија кој предвидува дека Законот за Народната банка на Република Северна Македонија има предимство пред другите закони како и ставот (4) со кој е утврдено дека одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не можат да се изменат, дополнат или престанат во целост или делумно со одредби од друг закон. Дополнително, со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста и на член 73 со кој се утврдува ослободувањето од данокот на додадена вредност на промет и на увоз на одредени средства, данокот на добивка и данокот на недвижен имот кој е во сопственост на Народната банка на Република Северна Македонија во случаите детално утврдена со конкретниот член.

Согласно членот 2 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21), овој закон има предимство пред другите закони.

Одредбата од членот 2 став (1) од Законот за Народната банка за првпат е утврдена со Законот за Народната банка на Република Македонија објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.158/10.

Одредбата од членот 2 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија е дел од Законот на предлог на Меѓународниот монетарен фонд во рамки на спроведената техничка помош при подготовка на текстот на Законот во 2007 година, со цел обезбедување на независност на Народната банка од трите столба на државната власт, законодавна, извршна и судска.

Членот 2 став (1) треба да се применува во корелација со членот 2 став (4) кој предвидува дека одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не можат да се изменат, дополнат или престанат во целост со одредби од друг закон како и со членот 43 став (6) кој предвидува обврска на Владата на Република Северна Македонија да се консултира со Народната банка при подготовка на прописите кои се однесуваат на прашања поврзани со целите, задачите и надлежностите на Народната банка утврдени со овој или друг закон. На овој начин е оценето од страна на Меѓународниот монетарен фонд дека е обезбедено предимство на одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија пред одредбите од други закони коишто можат да имаат влијание врз работењето на Народната банка.

Со одредбите од членот 2 став (1) не се дерогираат останатите закони, туку истата значи дека одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија треба да имаат предимство пред други закони коишто може да имаат влијание врз работењето на Народната банка и со кои може да се уредува работењето на Народната банка, а со цел заштита на нејзината независност.

Во однос на одредбите од Законот кои ја уредуваат даночна проблематика, се укажува дека иако Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во Европската Унија, се уште нема обврска за целосна хармонизација на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија, сепак Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99...198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19...199/23) и неговите подзаконските акти се во најголем дел усогласени со Директивата на Советот 2006/112/ЕЗ за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност. Имајќи ги предвид погоре цитираните законски одредби, по однос на одредбите од членот 73 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, а кои се однесуваат на ослободување од данокот на додадена вредност на прометот на: 1) златото и другите благородни метали кон и од Народната банка; 2) книжните и кованите пари кои се законско средство за плаќање во Република Северна Македонија и 3) хартијата и бојата за печатење на банкноти и рондели припремени за ковање пари кои се законско средство за плаќање во Република Северна Македонија, како и ослободување од данок на додадена вредност на увозот на: 1) златото и другите благородни метали за Народната банка; 2) книжните и кованите пари кои се законско средство за плаќање во Република Северна Македонија и 3) хартијата и бојата за печатење на банкноти и рондели припремени за ковање пари кои се законско средство за плаќање во Република Северна Македонија, се смета дека ослободувањето од плаќање на данок на додадена вредност на прометот со злато кон народните банки е предмет на уредување со Директивата на Советот 2006/112/ЕЗ за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност, како и со член 24, став (1), точка 6 од Законот за данокот на додадена вредност.

Даночното ослободување се однесува за увозот и прометот кон Народната банка на Република Северна Македонија, за кој, имајќи ги предвид јавните овластувања кои и се дадени со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, истата нема третман на даночен обврзник во смисол на Законот за данокот на додадена вредност. Во случај доколку Народната банка на Република Северна Македонија извршува и одредена стопанска дејност, за истата ќе се применуваат сите останати одредби од Законот за данокот на додадена вредност, односно одредбите за регистрација за целите на данокот на додадена вредност како и одредбите кои го дефинираат правото на одбивка од претходен данок.

Во однос на оданочувањето на добивката, согласно одредбите од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.232/19, 275/19, 290/20, 151/21 и 199/23), обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство.

Поаѓајќи од функцијата и надлежностите на Народната банка кои се уредени во Законот за Народна банка на Република Северна Македонија, произлегува дека

оваа институција се разликува од правните лица кои се обврзници за плаќање на данокот на добивка т.е од правните лица кои остваруваат добивка од вршење на стопанска дејност. Оттаму произлегува и нејзиниот различен даночен третман.

Дополнително, остварениот финансиски резултат, Народната банка е должна да го распредели на конкретен начин уреден во членот 15 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија. Имено, финансискиот резултат се распределува во општи резерви за постигнување на потребното ниво на основен капитал, а остатокот се распределува во Буџетот на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа дека дел од финансискиот резултат претставува приход на Буџетот на Република Северна Македонија, Народната банка иако е ослободена од плаќање на данокот на добивка, сепак со преотстапување на финансискиот резултат придонесува во Буџетот на Република Северна Македонија.

Во членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено дека „секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон", но во законскиот систем на Република Северна Македонија вообичаено е да се предвидат и ослободувањата од обврската за плаќање на даноците доколку постојат оправдани причини за истото.

Во однос на делот од Иницијативата кој се однесува на Законот за даноците на имот во корелација со ослободувањето од данокот на имот пропишано во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, се укажува дека со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 151/21), се уредува начинот на оданочувањето на данок на имот, данокот на наследство и подарок и данок на промет на недвижности.

Согласно член 8 став (1) точка 1) данок на имот не се плаќа на недвижен имот во државна сопственост кој го користат државните органи, недвижен имот во сопственост на општината кој го користат органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, освен недвижниот имот кој се користи од страна на физички или правни лица, како и согласно точка 3) данок на имот не се плаќа на недвижен имот во сопственост на Народната банка на Република Северна Македонија.

Во контекст на горенаведената одредба, се укажува дека истата е дел на основниот текст на Законот донесен и објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.61/04 и како таква оваа одредба е инкорпорирана во целокупниот општествено-политички и законодавен правен систем во Република Северна Македонија од нејзиното осамостојување од 1991 година.
Имено, институцијата Народна банка на Република Северна Македонија претставува централна банка која, помеѓу другото, ја утврдува и спроведува монетарната политика на Република Северна Македонија, во својство на правно

лице со административна, финансиска и управувачка самостојност. Дополнително, истата има за задача да ги чува и управува со девизните резерви; ги издава и управува со книжните и кованите пари на Република Северна Македонија; ги евидентира и следи кредитните операции со странство и го изготвува платниот биланс на Република Северна Македонија и слично.

Законот за даноците на имот, со оглед на работата и целите на Народната банка, само го признава посебниот статус на истата и му дава посебен третман како и на останатите државни органи и институции, меѓународни организации, чиишто работа и надлежности се регулирани со посебни материјални акти.

Во рамките на Законот за даноците на имот, Народната банка на Република Северна Македонија не треба да се гледа како даночен обврзник идентичен со правните и физичките лица, посебно со оглед на тоа што обврската за данок треба да се одвои од нејзините посебни права и услови во кои работи. Со оглед на ова не се нарушува начелото на единствен третман на физичките и правни лица согласно Уставот и темелните вредности на Република Северна Македонија.

Дополнително, се посочува дека без разлика на одредбите на други посебни закони, Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22), претставува единствена основа на општото даночно право и на даночната постапка и се применува на даноците, другите јавни приходи и единствена предност се дава на ратификуваните меѓународни договори за оданочување. Согласно членот 3 од Законот за даночна постапка, овој закон има предност пред другите даночни закони. Доколку со овој закон нешто не е уредено, важат одредбите на соодветните посебни закони. За сите прашања што не се уредени со Законот за даночна постапка, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Со оглед на сето горенаведено, се укажува на тоа дека постојните одредби од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, не се во спротивност со одредбите на Законот за даноците на имот, ниту претставуваат некаква пречка за спроведување на истите.

Имајќи го предвид претходно наведеното оспорениот член 2 ставови (1) и (4) и член 73 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива.

## Точка 39

Владата ја разгледа Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.140/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијативата се оспорува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) како целина, со посебен акцент на дел од одредбите со кои се вршела суштинска измена и суспендирање на примената на одредбите од Законот за градење за градби од стратешки интерес, со што во пракса се постигнувало прескокнување, односно неприменување на голем дел од одредбите од Законот за градење кои биле од суштинско значење за обезбедување на сигурност и безбедност на градежните објекти во секоја нивна фаза, од проектирање до пуштање во употреба и нивно запишување во јавните книги за недвижности. Со тоа се создавало правна несигурност, се елиминирало владеењето на правото и се доведувала во опасност безбедноста и здравјето на луѓето, а истовремено инвеститорите на градби кои не се градби од стратешки интерес се ставале во понеповолна и нееднаква положба во споредба со инвеститорите на градби од стратешки интерес. Според подносителот на Иницијативата со оспорениот закон биле повредени темелните вредности на уставниот поредок утврдени во член 8 алинеи 3, 7 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, односно владеењето на правото, слободата на пазарот и претприемништвото, уредувањето, хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и членот 43, членот 50 ставови 1 и 2, членот 51 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 43 од Уставот на Република Северна Македонија, секој човек има право на здрава животна средина, секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата, а Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Согласно член 50 ставови 1 и 2 од Уставот, секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, односно се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Според членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите. Согласно член 55 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот, а слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната

на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.
Од страна на подносителот на Иницијативата дадено е образложение за причините за оспорувањето кое се однесува за членовите 1, 2, 4 и 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23).

Согласно членот 1 од Законот, градби од стратешки интерес се државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи, како и други градби од јавен интерес, кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а чија изградба како градби од јавен интерес е предвидена со урбанистички проект за градби од стратешки интерес, одобрен во согласност со Законот за урбанистичко планирање. Според подносителот на Иницијативата, градби од стратешки интерес не подразбирале по автоматизам градби од јавен интерес, тие можеле да бидат и градби од приватен интерес кои би се реализирале како стратешки инвестициони проекти, што можело да подразбира и трговски центри.

Имајќи ја предвид цитираната одредба се смета дека неосновани се наводите на подносителот, бидејќи од истата произлегува дека покрај државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи како градба од стратешки интерес во смисла на Законот за градење, се смета градба од јавен интерес која со посебен закон е утврдена како стратешки инвестиционен проект или проект од стратешко национално значење и за изградбата на истата треба да е донесен урбанистички проект за градби од стратешки интерес, кој согласно Законот за урбанистичко планирање го одобрува или не го одобрува Владата на Република Северна Македонија, во зависност од прибавените податоци.

Понатаму, подносителот на Иницијативата го оспорува членот 2 од Законот со образложение дека создавал правна несигурност, бидејќи создавал конфузија по однос на тоа кои одредби се применуваат, а кои не се применуваат за градбите од стратешки интерес, не обезбедувал владеење на правото и доведувал до нееднаков третман и положба на правните субјекти кои се јавувале како инвеститори во смисла на Законот за градење.

Меѓутоа, согласно член 2 став (1) од Законот, изградбата на градбите од стратешки интерес се врши врз основа на урбанистички проект за градби од стратешки интерес, одобрен во согласност со Законот за урбанистичко планирање, при што соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на изработката и ревизијата на проектната документација, изградбата и надзорот над изградбата на градбите, мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата, формирањето и уредувањето градилиште, документацијата на градилиште, пријавувањето на започнување со изградба во согласност со членот 67 од овој закон, дислокација на далновод, трафостаница, канализација, водовод, топловод како и разни видови

инсталации, во согласност со членот 78-д од овој закон, одобрението за употреба и запишувањето на објектот во јавната книга на недвижностите.

Според ставот (2) од истиот член, за градбите од стратешки интерес не се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на постапките за одобрување идеен проект, за издавање одобрение за градење, условите за започнување со изградба, за измени во текот на изградбата, за промена на инвеститор, за издавање одобрение за подготвителни работи, за прибележување и предбележување на градбата во јавната книга на недвижности, за рокот за изградба, за формирање одлагалиште на земјиште, за дислокација на далновод, трафостаница, нафтовод, продуктовод, магистрален гасовод, магистрален топловод, во согласност со членот 78-б од овој закон, за реконструкција и за издавање на решение за изградба на градбите, односно поставување на опремата од членот 73 од овој закон.

Оттука, имајќи ги предвид погоре цитираните одредби од член 2 од Законот, се смета дека во истите на јасен и недвосмислен начин е разграничена примената на одредбите од Законот за градење по однос на градбите од стратешки интерес, при што во ставот (1) е наведено кои одредби ќе се применуваат, а во ставот (2) кои одредби нема да се применуваат за овие градби.

Воедно во предметната Иницијатива, од страна на подносителот издвоена е постапката за дислокација како пример за контрадикторност, меѓутоа се работи за две различни постапки за дислокација уредени во посебни членови од Законот за градење (член 78-б и член 78-д) и во таа смисла е направено и разграничувањето на примената на одредбите за овие постапки. По однос на наводите дека Законот за градење не обезбедувал владеење на правото и доведувал до нееднаков третман и положба на правните субјекти кои се јавувале како инвеститори во смисла на Законот за градење, се укажува дека Законот за градење претставува lex specialis кој го уредува начинот на изградба на градбите и предвидува различни постапки за изградба во зависност од видовите на градби. Во конкретниот случај се предвидува посебна постапка за изградба на градби кои се дефинирани како градби од стратешки интерес како би се овозможила ефикасна изградба со помалку трошоци поради значењето и комплексноста на овие градби. Со оспорениот закон се предвидува за градбите од стратешки интерес да не се спроведуваат административните постапки за добивање на одобрение за градење и за измени во текот на изградбата, меѓутоа градбите од стратешки интерес, исто како и градбите за кои се издава одобрение за градење треба да ги исполнат стандардите и нормативите за планирање и проектирање, односно истите можат да се градат согласно урбанистички проект кој е одобрен согласно Законот за урбанистичко планирање и ревидирани основни проекти кои се изработени и ревидирани согласно стандардите за проектирање, а соодветно се применуваат и одредбите за изградбата на градбите и надзорот над изградбата, механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата, формирањето и уредувањето на градилиште, документацијата на градилиште, издавањето на одобрението за

употреба и запишувањето на објектот во јавната книга на недвижностите. Согласно наведеното произлегува дека при изградба на градбите од стратешко значење се применуваат истите услови по однос на примената на стандардите и нормативите за изградба кои се применуваат и за останатите градби предвидени со Законот за градење.

Целосно неосновани се наводите на подносителот и по однос на членот 4 од оспорениот закон, дека со измената на членот 4-а од Законот, мислењето за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата наместо научен институт специјализиран во обласа на заштита на градби од сеизмички влијанија ќе го давал самиот инвеститор.

Имено, согласно член 4-а став (2) од Законот за градење, мислењето за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата се однесува на градежно-конструктивниот проект, кој е составен дел на основниот проект и се приложува од страна на инвеститорот со барањето за добивање на одобрение за градење, а за градбите од стратешки интерес мислењето се обезбедува од страна на инвеститорот пред започнувањето со изградба на градбата и истото е составен дел на основниот проект.

Имајќи ја предвид наведената одредба од членот 4-а став (2) од Законот, инвеститорот на градба од стратешки интерес е должен да обезбеди мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата, а не самиот да даде мислење. Согласно членот 4-а став (1) од Законот, мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата, се обезбедува од субјект кој врши научноистражувачка дејност-научен институт специјализиран во обласа на заштита на градби од сеизмички влијанија. Исто така, и во членот 2-в став (1) каде што се утврдени одредбите од Законот за градење кои ќе се применуваат за градбите од стратешки интерес е наведено и мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата.

Од страна на подносителот наведено е и дека членот 7 од оспорениот закон со кој се дополнува членот 51 со нов став (5) кој гласи „По завршувањето со изградбата на градбите од стратешки интерес се изработува проект на изведена состојба, кој го заверува надзорен инженер, кој вршел надзор над изградбата на градбата“, бил спротивен на правилата за изготвување на проект за изведена состојба, бидејќи проект можело да изработи и завери лице кое има лиценца за проектирање, а не и надзорен инженер, а бидејќи не се применувале одредбите за измена во тек на градба на овој начин се овозможувале неконтролирани промени во основниот проект.

Со наведената одредба се предвидува надзорниот инженер да завери, а не да изработи проект на изведена состојба. Проектот на изведена состојба се изработува,

доколку се извршени измени во текот на изградбата, а согласно членот 51 став (2) од Законот за градење истиот го изготвува правно лице со лиценца за проектирање. Во контекст на обврската на надзорниот инженер за заверка на проектот на изведена состојба треба да се има предвид и одредбата од член 6 од оспорениот закон со која се врши измена на член 36 од Законот за градење, во кој член се утврдени обврските на надзорен инженер при изградбата на градбите, при што во алинејата 1 се пропишува дека при изградбата на градбите од стратешки интерес, надзорниот инженер е должен да врши проверка дали изградбата е во согласност со ревидираниот основен проект и урбанистичкиот проект од членот 2-в став (1) од овој закон. Согласно тоа произлегува дека секоја измена во текот на изградбата треба да е предвидена со урбанистички проект за градби од стратешки интерес и ревидиран основен проект, а надзорниот инженер е должен тоа да го провери при самата изградба на градбата, на кој начин се врши контрола и на измените во текот на изградбата. Имајќи предвид дека административната постапка за одобрување на измени во тек на изградба не се спроведува за градбите од стратешки интерес, со членот 7 од оспорениот закон се пропишува обврска за надзорниот инженер да го завери проектот на изведена состојба со што ќе потврди дека градбата е изградена во согласност со урбанистички проект за градби од стратешки интерес и ревидиран основен проект.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/23) се во согласност со член 8 алинеи 3,7 и 10, членот 43, членот 50 ставови 1 и 2, членот 51 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој закон.

## Точка 40

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П. Толјати" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 41

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7759, за КО Ресен, на КП бр.3158, викано место/улица „ул.Јосиф Јосифовски" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.806 за КО Коњско, на КП бр.3135 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 13183 за КО Драчево 2, на КП бр.11280, викано место/улица „Марков Рид“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102535, за КО Центар 1, на КП бр.3960, викано место/улица „П.Пчински“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

1. Владата го отповика Зоран Ристов од должноста член на Одборот на директори на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, поради истек на мандатот.

1.1. Владата го избра Зоран Ристов за член на Одборот на директори на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

2. Владата ја именува Моника Младеновиќ за претседател на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на предлог на членовите на Управниот одбор на Фондот.

3. Владата го разреши Атли Шерифи од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Ресен, стручен работник од Центарот, поради стекнување право на пензија.

3.1.Владата ја именува Мери Ганиевска, водител на случај-психолог за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Ресен, стручен работник од Центарот.

4. Владата ја разреши Благица Ристова од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

**4.1.** Владата ја именува Благица Ристова за член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разреши Беким Поцеста од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**5.1.** Владата го именува Фадил Цана за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Министерството за здравство.

**6.** Владата од должноста членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, ги разреши:

-Ирина Ставрева и
-Југослав Јовановиќ.

**6.1.** Владата за членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, ги именува:

-м-р Кристијан Јорданов од Министерството за култура и
-Ибрахим Ризвани од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**7.** Владата од должноста в.д. членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, ги разреши:

-Марко Богданчески и
-Благојче Стојчески.

**7.1.** Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, ги именува:

-Александар Петрески и
-Благојче Стојчески.

**8.** Владата ја разреши Наташа Стојчевска од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје, поради истек на мандатот.

**8.1.** Владата ја именува Наташа Стојчевска за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје.

**9.** Владата ја разреши Елена Грца од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**9.1.**Владата ја именува Весна Илиеска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево.

**10.** Владата го именува Исмаил Ибиши за член на Националната комисија за учебници, од редот на основните и средните училишта.

**11.** Владата го именува Ферди Шабани за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**12.** Владата го именува Златко Ориѓански за директор на Културно-информативниот центар во Тирана, Република Албанија, на предлог на министерот за култура, досегашен директор на Културно-информативниот центар во Тирана.

**13.** Владата го отповика Рамадан Рамадани од должноста директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Истанбул, Република Турција.

**14.** Владата го именува Валмир Азири за директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Истанбул, Република Турција, на предлог на министерот за култура.

**15.** Владата му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, од должноста член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, кој носи назив директор на Влеча и одржување на возни средства да го отповика Сашко Ангеловски поради истек на мандатот, а за член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, кој носи назив директор на Влеча и одржување на возни средства да го избере Сашко Терзиевски.

## Точка 46

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за потврдената официјална посета на делегација од Република Азербејџан, предводена од Мајнун Мамадов, министер за земјоделство на Република Азербејџан и 13 луѓе во негова придружба, која ќе се одржи во период од 8 до 11 ноември 2023 година, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди три ВИП возила и возачи и едно ВИП комбе и возач за потребите на делегацијата од Република Азербејџан во тој период.

**2.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Националната установа Албански театар-Скопје за обезбедување на финансиски средства за учество на регионалниот театарски фестивал „МОИСИУ“.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за измена на заклучок по точка 5 од Сто педесет и четвртата седница на Владата, одржана на 25 мај 2023 година и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2023 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

Истовремено, се задолжува Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, 1.500.000,00 денари од остатокот од одобрените финансиски средства за 2022 година, наместо да ги префрли во пренесено салдо за 2023 година, истите ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија.“.

**4.** Владата на предлог на д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, а во врска со имотно-правните проблеми по однос на реализацијата на проектот за реконструкција, конзервација и реставрација на Шалтер-салата од споменичката целина Нова пошта-Скопје и нејзина адаптација во Мултифункционален културен центар, ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Националната установа Конзерваторски центар-Скопје во рок од пет дена во соработка со претставници на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје точно да ја утврдат површината од делот од објектот Шалтер-сала и тоа приземје и сутерен кои ќе бидат предмет на реконструкција, конзервација и санација до целосна обнова и пренамена.

2) Се задолжува Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје во рок од пет дена да одржи работен состанок со претставници на Шпаркасе банка АД Скопје и Македонски телеком АД за електронски комуникации-Скопје на кој ќе биде точно утврден идеалниот дел кај секој од сосопствниците на делот од сутеренот од објектот Шалтер-сала кој ќе биде предмет на пренамена на проектот и за истиот да склучат, согласно Закон, договор за физичка делба со цел негово трансформирање во право на сопственост.

**5.** Владата по Барањето од Министерството за транспорт и врски за изменување на Заклучок усвоен по Информацијата за проектот „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“на Сто деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 октомври 2023 година, точка 82, го прифати Барањето и заклучи, заклучоците под реден бр. 2, 3 и 5 да се изменат и да гласат:

„ 2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, преку Министерство за транспорт и

врски, а по претходно барање од Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии да достави известување за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на договорот за градежни работи „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“.

3. Се укажува на Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, во соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, да ги преземат сите потребни активности за навремено спроведување на постапката за експропријација во најкраток рок, со цел нејзино завршување пред започнување на градежните активности на терен, вклучително и за навремена реализација на Планот за раселување, за да се избегнат оштетни побарувања од страна на изведувачот.

5. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да формира работна група со претставници и од Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, која ќе има задача да ги води разговорите со надлежните институции на Република Бугарија, во однос на прогресот на изградбата на железничката врска од двете страни, за да се изнајде решение за начинот на завршување на градежните работи на делот од тунелот кој се наоѓа на територија на двете земји и за исходот од истото да ја информира Владата.“

Истовремено, Владата заклучи заклучокот број 6 да се избрише.

## <u>Точка 47</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2023 година за периодот јануари-јуни 2023 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по етничка определба, со Прилог-табеларен преглед, како материјал за информирање.

## <u>Точка 48</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во 2022 година, како материјал за информирање.

## <u>Точка 49</u>

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на средства до пропишаниот лимит до 40% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет, со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од

централната власт, заклучно со вториот квартал во 2023 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110-Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари до 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 12 октомври 2023 година до 18 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 53**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 19 октомври 2023 година до 25 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од

Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 5 октомври 2023 година до 11 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на дел од територијата на Општина Ранковце, с.Герман, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 3 октомври 2023 година до 9 октомври 2023 година согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 56**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 октомври 2023 година до 19 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска

поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, со цел користење на инструментот Макрофинансиска поддршка во вкупна вредност до 100 милиони евра, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандум за разбирање за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија во износ до 100 милиони евра, помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

2. Го определи министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија во износ до 100 милиони евра, помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

## Точка 59

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од исполнување на условите за обезбедување на заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова-КфВ наменет за буџетска поддршка, со предложените мерки во Матрицата за резултати, која е прилог 1 од Сепаратниот договор, како и Позитивните обврски поврзани со програмата кои се наведени како прилог 2 од Сепаратниот договор и при тоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од исполнување на условите за обезбедување на заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова-КфВ наменет за буџетска поддршка.

2. Ги усвои предложените мерки во Матрицата за резултати, која е прилог 1 од Сепаратниот договор, како и Позитивните обврски поврзани со програмата кои се наведени како прилог 2 од Сепартаниот договор, кој треба да се склучи помеѓу КфВ, Министерство за финансии, Министерство за економија и Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

3. Се задолжува Министерството за економија, веднаш да го започне процесот за подготовка на новата стратегија за развој на енергетиката и за ревизија на Националниот план за енергија и клима до 2030 година (НПЕК).

4. Се задолжува Министерството за економија, веднаш да достави допис до КфВ, со кој ќе извести за заклучоците под реден број 2 и 3.

5. Се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за финансии, а се укажува на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, по влегувањето во сила на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем

заснован на политики за Северна Македонија, да пристапат кон склучување на Сепаратниот договор со КфВ банката.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (усогласено со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 62

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Театар Комедија“-Скопје.

## Точка 63

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура.

## Точка 64

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан.

2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна

сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање.

2. Решението за формирање на комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за буџет на Министерството за информатичко општество и администрација за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со јавните набавки во Министерството за информатичко општество и администрација, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на вработените кои користат боледување во Министерството за информатичко општество и администрација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и органите на државната управа, а им се укажува на јавните претпријатија, акционерските друштва во државна сопственост и управните организации да направат анализи во врска со користењето боледувања од страна на вработените во институциите и во рок од седум дена истите да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена по добивање на анализите, до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, да достави збирна информација со цел Фондот да направи контроли за злоупотребување на боледувањата во институциите.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за трансформација на заем во влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна

сопственост, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за економија во соработка со НОМАГАС АД Скопје да отпочнат постапка за трансформација на заем во влогови, односно за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

## Точка 70

Владата го разгледа текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Петар Богучевски, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 71

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за измени и дополнување на квоти за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2023 година и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2023 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство, согласно расправата на седницата).

Истовремено, Владата формираше работна група која ќе ја предводи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, која во рок од три недели ќе подготви и до Владата ќе достави соодветен предлог (изменување/дополнување на Законот за вработување и работа на странци и

Законот за странци) во насока на олеснување на процедурата при издавањето на дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на право на користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гостивар.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје и Универзитетска клиника за урологија-Скопје и условно ја усвои доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по материјалот, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје и Универзитетска клиника за урологија-Скопје во вкупна вредност од 239.850.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 47.970.000,00 денари во 2023 година и
- 191.880.000,00 денари во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, сè до конечна реализација на набавката.

3. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за

дигестивна хирургија-Скопје, Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје и Универзитетска клиника за урологија-Скопје за 2024 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

<u>Точка 74</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за преземање на надлежноста за водење на тековната арбитражна постапка на Министерството за финансии и евентуални идни ДАБ и арбитражни постапки за ИПА договорите кои се работат согласно ФИДИК правилата, каде ЦФСД при Министерството за финансии се јавува како Договорен орган, ја усвои и го задолжи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ги преземе потребните активности за преземање на надлежноста за водење на тековната арбитражна постапка на Министерството за финансии по Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, како и евентуални идни постапки за разрешување на спорови (ДАБ) и арбитражни постапки за спорови во рамки на договорите каде ЦФСД при Министерството за финансии се јавува како Договорен орган, од страна на Националното координативно тело за арбитражни постапки (со проширување на предметот на надлежности, доколку е потребно) или од страна на друго соодветно тело (постојно или новоформирано) кое ќе има надлежност за прашања поврзани со конкретните арбитражни постапки.

*
*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | dr. Artan Grubi |